# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 4 јануари 2025*

## ЦЕЛТА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

**Римјаните 16,17-27.**

Читајќи ги лажните учења кои се шират преку интернетот и со посредство на други медиуми можеме да наидеме на мошне необични мислења. Прочитајте ги следните реченици и обидете се да ги издвоите тврдењата кои се погрешни:

• Еден проповедник им рекол на своите слушатели дека, доколку даваат пари за градежниот фонд на неговата црква, Бог за возврат ќе им подари куќа.

• Некои проповедници се користат со целни рекламни кампањи за одредени општествени групи на верници да ги опсипат со барања да им ги праќаат своите пари.

• Некои цркви им ветуваат на луѓето исцелување доколку ги вложат своите пари во нивната служба.

• Еден човек тврди дека е пророк и дека Бог ќе му открие корисни известувања за луѓето кои се наоѓаат во публиката, ако тие му платат за таа услуга. Последиците од ереси можат да бидат трагични како што докажал познатиот случај со Дејвид Кореш и неговата секта Давидова гранка. Пред 22 години, по пресметката во Вако (*Waco*) меѓу членовите на сектата Давидова гранка и ФБИ-а, еден преживеан изјавил пред телевизиската мрежа Си-ен-ен: „Дејвид Кореш е Месија, тој сигурно ќе се врати... Ние го чекаме неговото царство". Изненадува колку луѓето можат да бидат слепи! Постојат дури и луѓе кои со посредство на интернет тврдат дека можат да ги разоткријат лажните учители, но кога подобро ќе се проучат нивните изјави станува јасно дека ни нивните верувања не се доктринарно исправни. Некои лажни учители можат мошне лесно да се забележат, но многу е потешко да се одржи нашата црква доктринарно чиста, зар не?

Ајде да погледнеме во Римјаните 16,17-27. Во овие стихови откриваме дека целта на евангелието е сите нации да можат да поверуваат во Бога и сите да имаат право на спасение:

„Ве молам, браќа, пазете се од оние, кои прават раздори и соблазни против науката, која вие ја научивте, и отстранувајте се од нив! Зашто, таквите не Му служат на нашиот Господ Христос, туку на својот желудник, и со благи и ласкави зборови ги заведуваат срцата на простодушните.

Вашата послушност им е позната на сите. Затоа се радувам со вас, но сакам да бидете мудри за доброто, а прости за злото! А Бог на мирот ќе го сотре наскоро сатаната под вашите нозе. Благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со вас. Амин! Ве поздравуваат: мојот соработник Тимотеј и моите роднини: Луциј, Јасон и Сосипатар. Ве поздравувам во Господа јас, Тертиј, кој го напиша ова писмо. Ве поздравува Гај, домаќинот мој и на целата црква. Ве поздравуваат градскиот благајник Ераст и братот Кварт. Благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со сите вас! А на Оној, кој може да ве утврди преку моето Евангелие и проповедта за Исуса Христа, преку откровението на тајната, за која се молчеше од вечни времиња; а сега се јавила и по заповедта на вечниот Бог, а преку пророчките списи, соопштена на сите народи, приведувајќи ги кон послушност на верата, - на единствениот премудар Бог да биде слава – преку Исуса Христа – во сите векови. Амин!“ (Римјаните 16,17-27)

**1. Чувајте се (17-18)**

По топлите поздрави во првиот дел од оваа глава, Павле преминува на предупредувањето: „Ве молам, браќа, пазете се од оние, кои прават раздори и соблазни против науката, која вие ја научивте, и отстранувајте се од нив! Зашто, таквите не Му служат на нашиот Господ Христос, туку на својот желудник, и со благи и ласкави зборови ги заведуваат срцата на простодушните.“

Во изразот „Ве молам...“ можеме да ја препознаеме Павловата молба и некој вид на ургентност за она што ни го изнесува. Како да сака да ни каже: „Ве преколнувам, слушајте ме“. Зборовите „пазете се“ се однесуваат на потребата постојано да ги препознаваме оние кои не ѝ мислат добро на Црквата. Павле нè предупредува да бидеме секогаш будни и постојано да внимаваме на оние кои предизви-

куваат поделби. Слично предупредување наоѓаме и во 2. Солуњаните 3,14: *„Ако некој не ги послуша нашите зборови од ова послание, обележете го и не дружете се со него, за да се посрами“*. Исус дал слично предупредување во Матеј 7,15: *„Пазете се од лажните пророци, кои доаѓаат кај вас во овча кожа, а однатре се волци грабливи“*. Во денешното општество кое е подготвено да прифати сè што се наметнува, не сме навикнале на ваков јазик. Зошто Павле ги предупредува христијаните да се чуваат од волци?

* **Затоа што нивните мисли се зли.** Предупредени сме да се „пазиме“, што буквално значи постојано да внимаваме на лажните пророци. Треба да сфатиме кој изнесува разорни пораки и да ги отфрлиме нивните учења. 2. Јованово 10 стих вели: „Кој доаѓа кај вас и не го носи тоа учење, него не го примајте во вашиот дом и не поздравувајте го“.

* **Заради нивните мотиви.** Осумнаесеттиот стих ни кажува дека лажните учители не му служат на Спасителот, туку на сопствените апетити и желби. Павле тоа го опишува на сликовит начин во Филипјаните 3,19: „Нивниот крај е погибел, нивниот бог - стомакот, а славата - во нивниот срам; тие мислат за земните работи“. Овој стих потсетува на еден инцидент. Една организација им говорела на луѓето да ги напишат своите молитви и да ги стават во плик заедно со чек со пари и потоа да ги испратат. Ветувале дека сите молитви ќе бидат услишени. Кога ја истражиле таа организација, пронашле илјадници пликови во контејнери за отпадоци. Само чековите биле извадени а напишаните молитви сè уште биле внатре.

* **Заради нивните методи.** Забележете дека лажните учители доаѓаат наметнати со „овча кожа“, користејќи се со говор кој е сладок и кој ласка. Нивна мета се наивните луѓе или оние кои не се сомневаат во ништо, посебно новообратените христијани. Павле дава слично предупредување во Колошаните 2,4: *„А ова го велам за да не ве измами некој со убедувачки зборови“*. Во 2. Петрово 2,1 пишува дека имало и лажни пророци „во народот“ и дека тие тајно ќе внесуваат гибелни кривоверства“. Еден пензиониран пастор забележал дека неговата претходна црква се оддалечува од вистинската наука. Пасторот сметал дека тоа е негова вина. Во две речени-

ци се обидел да го објасни својот голем неуспех: „Секогаш на луѓето им кажував во што да веруваат. Моја најголема грешка е што никогаш не им кажував во што да НЕ веруваат“. Иако Павле во Римјаните не ги именува оние од кои треба да се чуваат, тој тоа го прави на други места, како, на пример, во 2. Тимотеј 2,17: „*А нивното слово ќе разјадува како рак; од кои сеИменеј и Филет*“.

**2. Станете мудри (19-20)**

Откако нè предупредува да се чуваме, Павле нагласува дека треба да станеме мудри. Погледнете ги стиховите 19-20: „*Вашата послушност им е позната на сите. Затоа се радувам со вас, но сакам да бидете мудри за доброто, а прости за злото! А Бог на мирот ќе го сотре наскоро сатаната под вашите нозе. Благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со вас. Амин!*“

Постојат две работи што ние треба да ги правиме и една голема работа која Бог ќе ја направи.

* **Бидете послушни.** Павле зборува за целосна послушност; тоа е слика на некој кој и слуша и се покорува. Еве добро прашање кое често треба да си го поставуваме себеси: Што сака Бог да сторам?

* **Работете на тоа да бидете мудри.** Не само што треба да се чуваме од лажните учители туку мора да донесуваме мудри одлуки за она што дозволуваме да влезе во нашиот мозок. Премногу нè впива злото. Го гледаме. Го слушаме. Зборуваме за него. Накратко, сме станале стручњаци за лошите животни поединости и уште се чудиме зошто немаме поголеми сознанија за она што е добро. Римјаните 12,9: „*Отстранувајте се од злото, прилепувајте се кон доброто!*“ Мудри изреки 14,15: „*Глупавиот верува на секој збор, а умниот внимава на својот чекор*“.

* **Бог ќе извојува конечна победа.** Неодамна добив електронска порака од една личност која во писмо ми соопшти дека сознанието дека Бог на мирот скоро ќе го сотре сатаната под своите нозе, влеало нова надеж во нејзиниот брак. Зборот „скоро“ значи дека Бог ќе го сотре сатаната брзо и одненадеж. Понекогаш може да се чини како да се наоѓаме на страната која губи, но сатаната сигурно ќе биде уништен. Ова ветување потекнува уште од 1. Мојсеева 3,15, каде што Бог ѝ пресудил на змијата: „*Јас ќе поставам непријател-*

*ство помеѓу тебе и жената, помеѓу твоето семе и Нејзиното Семе: Тој ќе ти ја сотрува главата, а ти ќе Му ја сотруваш петицата.*“

Бог ќе ги уништи плановите на сатаната и ќе нè благослови ако ги слушаме Неговите заповеди. Забележете дека и ние на некој начин се споменуваме во овој стих, зашто сатаната ќе биде здробен под „нозете ваши“. Неговиот целосен и конечен пораз ќе се случи под нашите нозе. Цврсто држете се за вистината која е запишана во Откровение 12,10: *„И чув силен глас во небото како зборува: „Сега дојде спасението и силата и царството на нашиот Бог и власта на Неговиот Помазаник, зашто е отфрлен обвинителот на нашите браќа, кој ги обвинуваше пред нашиот Бог, дење и ноќе.*“

**3. Дочекајте ги со добредојде помошниците и соработниците (21-23)**

Во продолжение Павле именува осум христијани кои имале големо влијание на него, само што овојпат ги наведува верниците кои се со нив во Коринт и кои сакаат да ја поздрават црквата во Рим: *„Ве поздравуваат: мојот соработник Тимотеј и моите роднини: Луциј, Јасон и Сосипатар. Ве поздравувам во Господа јас, Тертиј, кој го напиша ова писмо. Ве поздравува Гај, домаќинот мој и на целата црква. Ве поздравуваат градскиот благајник Ераст и братот Кварт.*“

* **Тимотеј.** Павле му бил ментор на Тимотиј и му служел како духовен татко. Дали сте вие нечиј ментор? Или можеби треба да пронајдете некој кој ќе биде ваш ментор?

* **Луциј, Јасон и Сосипатар.** Овие тројца Павле ги именува како свои роднини. Павле имал верска поврзаност со своето семејство и служел заедно со нив. Родители, ајде да ја негуваме сопствената верата и верата на своите најблиски во домот и да бараме пригоди заеднички да служиме.

* **Тертиј.** Тој бил секретар, што значи дека го запишувал она што Павле му го кажувал. Ова укажува на Павловиот тимски пристап кон службата. Некои веруваат дека имал потреба од секретар поради слабиот вид. Дали вие помагате на некого? Дали барате помош од другите?

* **Гај.** Знаеме дека Павле во Коринт крстил некој што го имал истото име (1. Коринќаните 1,14). Тој по крштевањето не престанал да го отвора своето срце на Господа. Тој ја отворил и вратата на својот дом и станал водач на мала група. Дали сте крстени? Дали го отворате својот дом за Божјите намери? Дали сте член на мала група? Ако сте талентиран и квалификуван, постои ли нешто што ве спречува да служите како водач?

* **Ераст.** Како градски благајник, имал значајна работа и ја користел за напредок на Христовото дело и Неговото царство.

* **Кварт.** Во Павлово време многу робови го носеле ова име. Наместо да им даваат прави имиња, робовладетелите би користеле бројки: Првиот роб го нарекувале Примус; Секунд се нарекувал вториот роб; Терциј третиот и Кварт четвртиот. Добро е да се знае дека Павле се дружел со сите луѓе, не гледајќи на општествената положба, полот и потеклото.

* **Продолжете да сведочите (24-27).** Треба да се чуваме, да станеме мудри и да упатуваме добредојде. Во последните стихови, Павле ни наложува и да сведочиме: *„Благодатта на нашиот Господ Исус Христос да биде со сите вас! А на Оној, кој може да ве утврди преку моето Евангелие и проповедта за Исуса Христа, преку откровението на тајната, за која се молчеше од вечни времиња; а сега се јавила и по заповедта на вечниот Бог, а преку пророчките списи, соопштена на сите народи, приведувајќи ги кон послушност на верата - на единствениот премудар Бог да биде слава - преку Исуса Христа - во сите векови. Амин!“*

* **Бог нѐ утврдува.** Тоа значи „дека сме поставени во правилна положба“ и дека се трудиме да ги оспособиме и другите кои се поврзани со Христа да станат верни следбеници кои постојано ќе растат во својата вера. Еден друг превод кажува дека Бог нѐ поставува на нозе.

* **Мора да бидеме насочени кон евангелието.** Забележете колку е Павле посветен на пораката на евангелието и на нејзиното објавување. Ние треба да го сееме семето на евангелието и да посматраме како расте со Божја помош. Павловото упатство потсетува на Исусовите зборови во Марко 4,26.28: *„И велеше: ’Така, Божјото*

*Царство е како кога човек ќе фрли семе во земја; и спие и станува ноќе и дење, а семето никнува и расте, а самиот не знае како. Земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебло, после клас - потоа клас полн со зрна*“.

* **Мора да го објавуваме она што ни е откриено.** Токму како што тајната на евангелието се открива преку живата и преку пишаната Реч, и ние мора да бидеме посветени за да ја поедноставиме за оние кои сѐ уште не ја разбираат. Тоа е целта на нашето проповедање.

* **Мора да мисионираме.** Гледаме дека евангелието е наменето за сите народи, но мора да се погрижиме мисионски да служиме и таму каде што се наоѓаме.

* **Мора да ги повикуваме луѓето да веруваат и да бидат послушни. Ви**стинската вера ќе доведе до целосна преданост на следбениците. А целосно предадените следбеници се послушни. Ако му веруваме на Бога, ќе постапуваме и ќе дејствуваме онака како што Тој ни кажува. Целта на евангелието е сите народи да веруваат и да слушаат.

* **Само мудриот Бог би можел да смисли ваков план.** На крајот од ова послание упатен ни е и благослов: „*На единствениот премудар Бог да биде слава – преку Исуса Христа – во сите векови. Амин!*“ Додека размислуваме за овие прекрасни вистини и за времето во кое Исус живеел на оваа земја, наша единствена задача е целосно да му се предадеме. Ако никогаш целосно не сте му го предале својот живот на Спасителот, признавајќи ги гревовите и примајќи го бесплатниот дар на вечниот живот, сторете го тоа сега. Ако сте верник, но сте отстапиле од Бога, време е да се вратите. Одвојте време за молитва и барајте Бог да ве води за да му бидете верни и послушни. Не постои друг начин, освен да му бидеме верни и послушни.

*2. Сабо̄та, 1 февруари 2025*

## ОПАСНОСТИТЕ НА МЛАКОТО СРЦЕ

***1. Дневнико̄т 25,1-16.***

Повеќето од нас се навикнале на типичниот поздрав „Како си?“ и одговараме автоматски, скоро без размислување: „Добро, а како си ти?“ Одговорот на еден студент од Индија би ве изненадил! Наместо брзото, „Како си?“, тој би застанал, би ве погледнал во очи и би ве запрашал, „Како ти е душата, брате?“ Ете прашање за кое сакам да размислите. Ова прашање сакам да ви го поставам на сите вас денес. Како ти е срцето, брате? Како ти е срцето, сестро?

Денес ќе се насочиме кон една помалку позната библиска личност по име Амасија. Тој бил цар во Јудеја околу 200 години по Давидовото владеење. Извештајот за неговото владеење се наоѓа во 2. Дневникот, 25 глава. Кога би почнале да ја читате биографијата на некој политичар од нашето време, би забележале дека извештајот започнува во нивните помлади денови, за потоа да следат хронолошки наредени важни настани во нивниот живот и извештајот на крајот да се заврши со сумирање на нивниот карактер и нивните достигнувања. Но во Библијата извештаите за луѓето не одат според тој редослед. Кога во Библијата е претставен некој цар, извештајот започнува со состојбата на срцето на таа личност. Во овој случај, царот Амасија имал млако срце. Погледнете го текстот во 2. Дневникот 25,2.

**1. Млако срце - 2. Дневникот 25,2**

**„Правеше што е право во Господовите очи, ама не со сето срце.“** Ајде за миг да ви ги претставам сите околности на настаните во неговиот живот. По владеењето на царот Давид и царот Соломон, Израелското царство се поделило на две царства, на Јуда и Израел. Двете царства имале малку допирни точки. Јужното Јудино царство имало сѐ она што денес го поврзуваме со Израел: Ерусалим бил нивен главен град, Храмот бил таму, а царевите на престолот

биле Давидови потомци. Северното царство, за разлика од Јуда, го немало ова, но сепак го задржало името Израел.

Јудиното царство минало низ тежок период. Царот Амасија го наследил престолот по убиството на својот татко. Впрочем, последните тројца владетели пред Амасија се убиени... па Амасија имал добра причина да се развртува зад грб додека седел на престолот. Според текстот, Амасија наредил да се погубат убијците на неговиот татко, но не ги убил синовите на тие убијци. Оваа тактика да се убијат и синовите, ја користеле повеќето владетели како „безбедносна мерка.“ Сепак, Амасија го послушал Мојсеевиот закон кој кажувал дека синовите не треба да бидат казнети заради гревовите на своите татковци. Со други зборови, до сега правел сè што било исправно во Божјите очи.

Потоа во текстот гледаме како Амасија се подготвува да го нападне пограничниот народ – Едомците. За да ја зајакне војската, најмил 100,000 платеници од Израел. Тоа биле професионални војници. Но проблемот бил во тоа што Израел отстапил од Бога, станал неверен народ. Божјата наклонетост повеќе не била над нив. Склучувањето сојуз со безбожен народ било против Божјиот закон. Затоа еден пророк го потсетил Амасија: „Бог има моќ да ти помогне или да те отфрли. Ослободи се од платениците или ќе ја изгубиш Божјата наклонетост.“

Амасија обратил внимание на предупредувањето, но сепак се обидел да преговара со пророкот. Впрочем, тој однапред им платил на тие војници и не сакал да ја изгуби својата значајна инвестиција. Деветтиот стих кажува: *„Тогаш Амасиј го праша Божјиот човек: ’А што ќе биде со стоте таланти што им ги дадов на израелските чети?’ Божјиот човек одговори: ’Господ има да ти даде повеќе од тоа’.“* Ова е првото навестување дека Амасија не сакал со целото свое срце да го слуша Бога. Вистина е дека Амасија зборува за големо количество пари. 100 таланти изнесувало скоро 4 тони благороден метал. Според сегашната вредност, тоа би било повеќе од половина милион долари. Срцето на Амасија било насочено на земските, материјалните грижи. Но пророкот повторно го потсетува на Бога и на неговата моќ: ’Господ има да ти даде повеќе од тоа’.“

И така Амасија го послушал Бога. Ги отпуштил платениците (околу четвртина од целокупната војска) и со Божја помош извојувал пресудна воена победа. Но тогаш Амасија прави нешто сосем неочекувано! Четиринаесеттиот стих кажува дека ги зел идолите од Едом (од Идумејците), а уште полошо од тоа е што им се поклонувал!

Штотуку извојувал голема победа, очигледно со Божја помош. Ја имал секоја можна причина на светот за да го прославува Бога и само Бога. Но, наместо тоа, тој се врти кон идолите. Се чинело како да трча добра трка – но одненадеж скршнал од патеката. Очигледно е дека неговото срце од млако наеднаш целосно се оладило.

**2. Студено срце - 2. Дневникот 25,14**

Божјиот пророк повторно му укажува на Амасија дека она што го направил не само што е погрешно туку е целосно неразумно: *„Тогаш Господ се разгневи на Амасија и испрати при него пророк, кој го праша: 'Зошто ги бараш боговите на тој народ, кои не го избавија својот народ од твојата рака?'“*

Но срцето на Амасија нема да се сврти кон Бога. На него веќе влијаела во голема мера безбожничката култура во окружувањето. Во тоа време луѓето верувале дека кога некој народ ќе победи во битка тоа не е затоа што нивниот бог е посилен, туку затоа што губитниците ги напуштил нивниот бог и преминал на другата страна. Поклонувајќи им се на идоли, Амасија мислел дека им заблагодарува на тоа што му „помогнале“ во неговата победа... како единствениот вистински Бог да не можел да му подари победа без нивната помош.

Она што најмногу вознемирува во овој извештај е што во еден момент се чини дека Амасија му служи на Бога, а во следен им се поклонува на туѓи идоли. Дали некогаш сте виделе такво нешто?

* Познатиот христијански водач кој е 100% посветен на Божјето дело одненадеж се појавува на првата страница на некои весници за скандали.

* Пријателот или менторот, кој ви помогнал да растете како христијанин, наеднаш запаѓа во депресија или налутен го напушта Бога.

* Млад христијанин, кој е сосем посветен на Бога, одненадеж решава сè да заборави и да се врати на стариот живот.

Бидејќи ние можеме да го видиме човекот само надворешно, тешко ни е да ги разбереме неговите постапки. Но, кога би можеле да го видиме срцето онака како што Бог го гледа, сигурно би виделе дека тоа повеќе не е ни млако, туку целосно студено и дека станува камено.

**3. Камено срце - 2. Дневникот 25,16**

Сетете се како е опишана состојбата на срцето на Амасија во Писмото: **„Правеше што е право во Господовите очи, ама не со сето срце“** (2. Дневникот 25,2).

Послушноста е важна, но не е доволна. Бог бара срце кое е во целост посветено на Него. Амасија правел она што е исправно, но никогаш во тоа не го вложил своето цело срце. Започнал со вера, но тоа била нестабилна, млака вера. Дури и откако згрешил поклонувајќи им се на идоли, Бог во својата милост му дал уште една прилика. Но, погледнете како одговорил тој на предупредувањето на пророкот: *„Додека тој зборуваше, царот го праша: ’Дали си поставен за советник на царот? Прекрати! Зошто да те погубат?’“* (2. Дневникот 25,16а).

Со други зборови: *„Не сакам да слушнам што сака Бог да ми каже. Ако не престанеш да зборуваш, ќе наредам да те убијат.“* Тоа била опасна закана од која пророкот заклучил дека каменото срце ќе го уништи Амасија: *„Тогаш пророкот молкна, ама додаде: ’Знам дека Бог одлучи да те уништи, бидејќи го правиш тоа, а не го слушаш мојот совет’“* (2. Дневникот 25,16б).

Остатокот од приказната оди по надолна линија со голема брзина. Царот со камено срце запаѓа од една катастрофа во друга. Најпрво ја напаѓа северната нација Израел и доживува пораз. Израелците го заробуваат и потоа го пљачкаат ерусалимскиот Храм и царската палата. По десет години Амасија е пуштен и се враќа во својата уништена земја. Но по некое време бил истеран од палатата и погубен од сопствениот народ.

1. Коринќаните 10,6 ни кажува дека старозаветните извештаи се запишани за да ни служат како пример. Затоа треба да се запрашаме: Што можеме да научиме од животот на Амасија?

Ако не можеме да научиме ништо друго, од примерот на Амасија можеме да видиме дека млакото срце е опасно. Ако не обратиме внимание на него, тоа на крајот ќе стане студено и камено. Кога зборуваме за срцето, обично мислиме на нашите чувства. Но кога во Стариот завет се зборува за срцето, со тој израз не се опфатени само нашите чувства, туку и нашиот ум, мислите, нашата волја, нашата целокупна духовна природа. Со состојбата на срцето се опишува целокупниот живот на една личност. Исус рекол дека најголемата заповед е: *„Љуби Го Господа твојот Бог со сето свое срце, и со сета своја душа и со сета твоја мисла!“* (Матеј 22,37; 5. Мојсеева 6,5).

**Заклучок**

Дозволете повторно да ве прашам: Какво е денес вашето срце? Јас веднаш помислувам на два вида луѓе.

Првиот вид луѓе – а многумина од вас се вклопуваат во оваа категорија - се оние кои вредно работат, трудејќи се да му служат на Бога во црквата, на работа и во своите семејства. Вие сте вредни и посветени во својата послушност на Бога. Но можеби треба да се запрашате: „Какво е моето срце? Дали мислам на Оној за кого работам? Дали моето срце се лади?“

Сетете се дека на Бога не му е потребна сета ваша напорна работа. Отецот полн со љубов му дозволува на своето дете да му „помогне“, иако самиот би ја извршил работата многу побрзо и подобро. Бог ни дозволува да работиме со него за да ја доживееме вистинската чиста радост на неговото присуство и за да го работиме она што Тој сака да го работиме заедно со Него.

Ако вашето срце станало млако, обратете внимание на него. Долго разговарајте со Бога. Излејте му го своето срце. Вратете го во Негови раце. Не дозволувајте вашето срце да се олади.

Другата група се состои од вас кои седите во црква затоа што тоа е она што денес мора да го направите. Но, кога ќе излезете од вратата, Бог повеќе нема да ви биде важен. Бог не игра улога во вашиот секојдневен живот. Запрашајте се: „Какво е моето срце?“ Ако е одговорот, во најдобар случај , „млако“, тогаш време е да го молите Бога да го разгори огнот во вас. Побарајте го со целото срце, Тој ќе ви помогне да го пронајдете. Тој ќе го земе студеното мртво срце и ќе го врати во живот.

*3. Сабо̄та, 1 мар̄т 2025*

## ЈАВИС: ИЗДИГНАТ НАД СВОИТЕ ОКОЛНОСТИ

***1. Дневнико̄т 4,9-10.***

Што се крие во името? Сите имиња имаат значење, некои позитивно а некои негативно. Еве три машки имиња кои имаат негативно значење: Бајрон – штала за крави; Калвин – оној кој е ќелав; Јаков - измамник. А еве и три женски имиња кои имаат негативно значење: Сесилија – слепа; Порша – свиња; Клаудија – хрома. Некогаш одамна луѓето верувале дека името што му го даваат на детето, ќе го одреди неговиот карактер. Многу луѓе мислат дека името може многу да помогне и во изборот на животниот повик. Тие веруваат дека, на пример, девојките со име Ема или Винифред ќе бидат поуспешни ако се занимаваат со традиционално женски занимања како што се медицинска сестра или фризерка, додека од момчињата со имиња како што се Борис и Бруно, се очекува да бидат успешни во традиционално машки занимања, како што се водоинсталатер или возач на камион.

Нашата култура не обратува многу внимание на значењето на имињата, но во древната еврејска култура тие имале големо значење. Впрочем, името често го одредувало начинот на кој другите ве посматраат. Додека го читаме денешниот текст, ќе се запознаеме со човек по име Јавис, чие име недвосмислено ги предизвикувало другите да го посматраат од височина. Можеби се покажало дека значењето на неговото име станало доста голема пречка. Сосем е можно тоа име да го оптоварувало човекот што го носел тоа име. Сѐ што можеме да откриеме за Јавис се наоѓа во два кратки стиха во 1. Дневникот. Иако извештајот за него е мошне кус, неговото име многу ни кажува. Иако името не е запишано меѓу хероите на верата во Евреите 11, тој бил човек со голема вера. Јавис ни дава одличен пример на вера и решителност. Денес ќе ги истражиме силните поуки кои можеме да ги научиме од оваа малку позната личност од Стариот завет.

## I. Подобро запознавање со Јавис

### А. Значење на Јависовото име

1. Теолошки, овие два стиха се мошне значајни и од нив можеме да научиме важни лекции.

2. Исечокот ни открива дека Јавис бил од Јудиното племе.

3. Името Јавис може да значи болка или жалост.

4. Мајка му го дала тоа име поради големата болка што ја претрпела при неговото раѓање.

### Б. Репутација која не одговара на името

1. Јавис бил влијателен поединец, бидејќи се смета пославен од своите роднини.

2. Еврејскиот читател би помислил дека е доста иронично личност со име „болка и жалост“ да биде најславен во своето семејство.

3. Ваквиот опис обично се однесува на лицето кое е исправно пред Бога и пред другите.

4. Остатокот на стихот открива човек кој одел низ животот со вера и имал желба и решителност да се издигне над своите околности.

### В. Јавис имал голема вера во Бога

1. Писателот не кажува дека Јавис бил човек со голема вера, но тоа е очигледно од начинот на кој му пристапува на Бога во молитва.

2. Писателот јасно го воздигнува Јавис како пример кој читателите треба да го имитираат.

3. Сите сме чуле дека делата зборуваат погласно од зборовите, а во Јависовиот пример е очигледно дека неговата голема вера се гледа преку неговите дела.

4. Неговата вера се открива во фактот дека го повикувал Израелскиот Бог да ја чуе неговата молитва, верувајќи дека ќе ја услиши.

5. Овде би можеле да застанеме и да се обидеме да го согледаме Јависовиот пример на практичен начин. Ајде да си поставиме себеси три важни прашања:

а. Што мислите, што зборуваат другите за вашата вера?

б. Дали вашата вера е очигледна на секое подрачје на вашиот живот?

в. Дали вашата вера е повидлива во вашите зборови или во делата?

**II. Јависовата амбициозна молитва**

**<u>А. Четири работи кои Јавис ги бара од Бога</u>**

**1. Јавис бара Бог да го благослови.**

а. Можеби имал желба да се ослободи од стигмата која била прилепена за неговото име.

б. Барал од Бога да ги промени околностите на неговиот живот.

в. Јавис сакал нешто повеќе од обична секојдневица.

**2. Јавис барал од Бога да ја зголеми неговата територија.**

а. Тој барал повеќе од земјиште.

б. Неговото барање подразбирало и молба Бог да го зголеми неговото потомство.

в. Тоа барање можело да се однесува и на молбата Бог да ги зголеми неговите можности да му служи.

**3. Јавис барал Божјата рака постојано да биде над него.**

а. Ова барање првенствено се однесува на тоа дека Бог го води.

б. Второ, се однесувало на тоа дека Божјата рака продолжува да го благословува неговиот живот.

в. Јавис ја ставил својата целосна доверба во Божјата способност.

**4. Јавис барал Бог да го сочува од злото.**

а. Очигледно е дека со тоа барал Божја заштита.

б. Тоа исто така било возвик кон Бога да ја спречи несреќата во неговиот живот.

в. Јавис можеби барал Бог да ги спречи оптоварувањата кои извирале од минатото.

**Б. Важноста на начинот на кој Бог одговара на Јависовата молитва**

1. Бог ја слушнал Јависовата молитва од срце, молитва што ја упатил со вера и ја услишил на тој начин што му го подарил она што Јавис го барал.

2. Од овој стих учиме дека Божјиот народ секогаш треба да го бара Бога и да му ги упатува мотивите со вера.

3. Божјата сила може да совлада каква било препрека. Тој може да направи пресврт на која било ситуација со која се соочуваме.

4. Божјата благодат е секогаш на располагање на оние кои му пристапуваат понизно во молитва.

5. Овој библиски настан нѐ уверува дека Бог ќе ја чуе молитвата упатена со вера и ќе одговори великодушно.

**III. Прашања кои извештајот за Јавис нѐ поттикнува да ги поставиме**

**А. Какво треба да биде значењето на нашето име?**

1. Кога вашето име би го одразувале вашиот карактер, како би гласело тоа?

2.Како христијани, ние го носиме името на Исуса Христа, и нашиот живот треба да го одразува неговиот карактер.

3. Исто како Јавис, и ние треба да тежнееме нашето име да ја одразува Божјата благодат и неговите благослови.

4. Ни нас не смее да нѐ попречи стигмата на нашето минато или потешкотиите и болките на сегашните околности. Бог има способност да нѐ ослободи од нив.

**Б. Каде се наоѓаме на нашето духовно патување?**

1. Дали сте задоволни со својата духовна состојба: На ова прашање секој од нас треба да одговори со едно гласно – НЕ!

2. Бог копнее ние да посакаме и да бараме повеќе, да излеземе од нашата зона на удобност и да посегнеме кон нови духовни висини.

3. Христијанскиот живот треба да биде постојан раст, иако сѐ додека сме на оваа земја нема да стигнеме на нивото на кое сакаме да бидеме.

4. Ако навистина сакаме тоа да се оствари во нашиот живот, мора да имаме целосна доверба во Бога, за кого ништо не е невозможно.

**В. Што сакаме Бог да стори за нас?**

1. Јавис не се плашел да бара големи работи од Бога, додека за жал, ние често бараме многу малку од Бога.

2. Нам не ни е потребна вера за да „играме“ на сигурно; верата стапува на сцена кога бараме од Бога да ни помогне да го оствариме она што никогаш не би можеле сами.

3. Нашиот Бог има неограничена моќ и сака да нѐ благослови на начини кои допрва треба да ги замислиме. Единствено што Бога го ограничува сме самите ние.

4. Денес треба да излеземе храбро пред Бога, како Јавис и да бараме од него да го придвижи нашиот живот и нашата црква.

5. Како христијани и како црква, треба подготвено да обидеме да бараме големи работи, за да биде очигледно дека нашиот успех е Божје дело.

**Заклучок**

Се раскажува дека еден ден Микеланџело влегол во своето ателје да ги разгледа трудовите на своите ученици. Кога дошол до сликата на еден од своите омилени ученици, застанал и го посматрал уметничкото дело долго време. Потоа, на општо изненадување на сите, одеднаш ја зел четката и напишал еден збор преку целото платно. Го напишал зборот „амплиус“ што значи „повеќе“. Микеланџело не го уништил трудот на овој ученик бидејќи ученикот немал талент или добра техника, туку затоа што големината на платното направила облиците на она што го прикажувала сликата да изгледаат збиено и згуснато. Требал да земе поголемо платно.

Градиво за саботна школа

МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
1/2025

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Илија Киров
За интерна употреба